ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА
VOCATIONAL EDUCATION AND TRAINING CENTRE

# ГОДИШНА

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ЗА 2016 ГОДИНА

**декември, 2015 година**
**С к о п ј е**

Република Македонија, 1000 Скопје, Бул. „Гоце Делчев„ бр.8, п.фах 290, тел. ++389 2 31 35 484, факс ++389 2 31 11 085
Republic of Macedonia, 1000 Skopje Blvd. „Goce Delcev„ No. 8, PO Box 290, phone ++389 2 31 35 484, fax ++389 2 31 11 085
www.csoo.edu.mk

*Врз основа на член 35 од Законот за стручно образование и обука (Сл. весник на Република Македонија бр. 71/06, 117/08, 148/09 и 17/11, 24/13, 137/13, 41/14 и 145/15), Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука, ја одобри Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2016 година, со финансиски план.*

# Содржина

1. Вовед....................................................................................................4

2. Визија, мисија и посветеност на ЦСОО…………………………………..5

3. Дејност на ЦСОО ……………………………………………………………6

4. Организациона поставеност на ЦСОО ……………………………………7

5. Постојна кадровска структура на ЦСОО …………………………………8

6. Програмска рамка за 2016 година ………………………………………………9

6.1. Истражување и развој на стручното образование и обука..10

6.2. Развој на стандарди и наставни планови и програми……...13

6.3. Меѓународна соработка и социјално партнерство…………18

6.4. Деловна поддршка……………………………………………………19

6.5. Одделение за управување со човечки ресурси………………21

6.6. Одделение за финансиски прашања……………………………22

Прилози.....................................................................................................24

# 1. Вовед

Центарот за стручно образование и обука како јавна установа во која треба да се усогласуваат и интегрираат јавните интереси и интересите на социјалните партнери во стручното образование и обука во Републиката Македонија и која ја координира соработката со меѓународните институции и организации во областа на стручното образование и обука (член 31 од Законот за стручно образование и обука; Службен весник на Република Македонија број 71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13, 41/14 и 145/15) е основан со Одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 87/06).

Врз основа на член 32 од споменатиот Закон, Центарот врши стручни работи од областа на изработка на програмските документи следењето, вреднувањето, проучувањето, унапредувањето, истражувањето и развојот на стручното образование и обука, како и други работи во согласност со Законот, актот за основање и Статутот.

Годишната програма за работа на Центарот за стручно образование и обука за 2016 година се темели на точно определени закони и одредби. Таа претставува потреба и услов за создавање и обезбедување основни претпоставки за успешно остварување на дејноста, условите за работа, како и динамиката на реализација на планираните задачи и активности во текот на целата календарска година

Клучните приоритети на Центарот за 2016 година се структурирани според дејностите од секторите и посебни одделенија во Центарот.

1. Истражување и развој на стручното образование и обука;
2. Развој на стандарди и наставни планови и програми;
3. Меѓународна соработка и социјално партнерство;
4. Деловна поддршка**;**
5. Одделение за управување со човечки ресурси**;**
6. Одделение за финансиски прашања.

Од страна на Центарот, перманентно ќе се следи реализирањето на Годишната програма за работа, а по завршување на првите шест месеци, ќе биде направена анализа на реализацијата на програмираните активности и во зависност од утврдените состојби, ќе биде направена соодветна измена или дополнување на истата.

## 2. Визија, мисија и посветеност

### Визија

Независна јавна институција со исклучително стручен кадар, кој успева да оствари безпрекорност во институционалното работење и кој има извонредно реноме за својата улога во промовирањето на партнерско работење, кое е потребно за да се поддржува стратегискиот развој, оперативното спроведување и европската ориентација на стручното образование и обука во Република Македонија.

### Мисија

Обезбедување на квалитетно стручно образование и обука кое одговара на потребите на пазарот на трудот, да придонесе за зголемување на стапката на вработеност на младите и да ја подобри ефективноста и конкурентноста на стопанството.

Својата мисија Центарот ќе ја остварува создавајќи претпоставки за воспоставување на флексибилен систем на стручно образование и обука заснован на филозофијата на доживотното образование, што подразбира:

- постојана и потполна застапеност на стручното образование и обука на сите членови на општеството;
- образование во услови и на начин кои во најголема мерка соодветствуваат со реалните потреби и со можностите на оние кои што учат и се во согласност со можностите и потребите на локалната средина;
- ширење на можности за учење низ институционален, програмски и организациски плурализам во реализацијата на образованието и поврзувањето на формалното и неформалното образование;
- обезбедување на квалитет и професионализам во реализацијата на стручното образование и обука што подразбира општествена верификација на стандарди и за програмите и за институциите.

### Вредности

***Посветеност***–целосно посветени на развивање на современо стручно образо вание и обука.
***Влијание*** – решителни, професионални и насочени кон позитивна промена.
***Почит*** – интегрирани и високо развиени човечки ресурси, тимска работа и соработка со сите засегнати страни.
***Квалитет*** – држиме чекор со универзалниот фокус на квалитет што ќе овозможи траен опстанок и развој на институцијата.

# 3. Дејност на ЦСОО

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот ги врши следниве стручни работи:

- анализа и проучување на образовните системи, посебно на системите за стручно образование и обука;
- анализа и проучување на структурата на нашиот систем за стручно образование и обука и на одделните видови на стручно образование и обука;
- проектирање на нови системски и концепциски решенија за одделни нивоа и видови на стручно образование и обука;
- иновирање на постојните и предлагање на нови решенија во одредени образовни компоненти (програмски, процесни, организациски, технолошки, кадровски, нормативни и сл.).
- истражување на развојните трендови во стручното образование и обука;
- истражување на пазарот на трудот;
- изготвување, следење и развој на стандарди на занимања;
- развој на националната рамка на квалификации;
- развој на образовни стандарди (образовни профили, наставни планови и програми):
- поддршка на социјалното партнерство на сите нивоа и во сите фази на планирањето, развојот и реализацијата на стручното образование и обука;
- следење на реализацијата на наставните планови и програми;
- обука на наставниците по стручните предмети;
- советување, инструирање и менторирање на наставниците;
- соработка со меѓународни институции и друго.

# 4. Организациска поставеност на ЦСОО

ЦСОО својата работа ја организира и врши по организациони единици - сектори и одделенија.



# 5. Постојна кадровска структура на ЦСОО

Во Центарот има вработено 25 лица кои се вклучени во планирање, организирање и реализирање на програмските задачи.

**Образовната структура на вработените во Центарот е следната**:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| Доктор на науки | 1 |
| Магистри | 8 |
| Специјалисти | 1 |
| Високо образование | 12 |
| Више образование | 0 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 0 |

**Преглед на предвидени и пополнети работни места согласно систе-матизацијата на работни места  во Центарот за стручно образова-ние и обука**

| Работни места | Предвидени работни места според систематизација | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Директор | 1 | 1 |
| Заменик-директор | 1 | 1 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво (Раководител на сектор во Центарот) | 4 | 1 |
| Б4 -раководител - административен службеник од четврто ниво (раководител на одделение во Центарот) | 10 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво (советник во Центарот) | 36 | 15 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво (виш соработник во Центарот) | 4 | 3 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво (соработник во Центарот) | / | / |
| Г1 – помошностручен административен службеник од прво ниво (самостоен референт) | 1 | 1 |
| Г2 - помошностручен административен службеник од второ ниво (виш референт) | 1 | 1 |
| Д – помошнотехнички работници | 1 | 1 |
| Вкупно | 59 | 25 |

Сите вработени се на неопределено време.

Во текот на 2016 година потребно е да се спроведе постапка за вработување на стручни кадри согласно Правилникот за систематизација на работните места во Центарот.

## 6. Програмска рамка на ЦСОО

Центарот за стручно образование и обука во 2016 година, својата темелна активност ќе ја насочи околу реализација на следниве приоритетни задачи:

- заокружување на реформата во тригодишното образование за занимања;
- отпочнување на процесот на модернизација на техничкото образование;
- активности за унапредување на образовниот процес; и
- воспоставување соработка со меѓународни и домашни институции и организации

Во продолжение подетално ќе бидат прикажани активностите на ЦСОО за 2016 година, одделно по сектори и одделенија.

Активностите кои ќе се реализираат во овие сектори и посебни одделенија се опишани преку следните елементи: **цели** кои ги претставуваат очекувањата од секторите, **опис на активности** кој ги опишува активностите за остварување на очекуваните резултати и **индикатори за постигнувањата на резултатите** каде

што се претставени излезните очекувања преку кои ќе може да се оценува постигањето на резултатите и успешноста во остварувањето на целите.

Програмските активности на Центарот како јавна установа, ќе се спроведуваат согласно со приоритетните политики на Владата на Република Македонија и Министерството за образование и наука. Значајно место во спроведувањето на програмските активности ќе имаат социјалните партнери, установите за стручно образование и обука во Република Македонија и предвидените проекти во делот на стручното образование и обука.

## 6.1. Истражување и развој на стручното образование и обука

**Цели**

Во текот на 2016 година, Центарот ќе ја продолжи работата поврзана со истражувањето и развојот на стручното образование и обука во насока на реализирање на активностите од Стратегијата за развој на стручното образование во Република Македонија 2013 - 2020 година и градење на флексибилен систем на стручно образование кој ќе одговара на потребите на пазарот на трудот, поединецот и општеството во целина.

Анализата на постојната состојба во техничкото образование со Препораки за неговото реформирање, ќе претставува појдовна основа за изработка на Концепција за ова ниво на образование, врз која ќе се потпира развојот на методолошки документи, стандарди на занимања и квалификации и изработката на програмските документи.

Центарот преку советодавно-консултативна и менторско-инструктивна работа со наставниците по стручно-теоретски предмети и практична настава, ќе придонесе за унапредување на образовниот процес во стручното образование.

Дел од своите активности Центарот ќе насочи и кон подигање на свеста за стручното образование и подобрување на рејтингот на стручните училишта.

**Опис на активности**

*Истражување и развој*

Согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за стручно образование и обука, Центарот ќе продолжи со активностите поврзани со истражувањето и развојот на стручното образование и неговото усогласување со потребите на современиот технолошки и општествен развој.
Во рамките на проектот на Светска Банка за развој на вештини и поддршка на иновации, ќе отпочнат со реализација активностите од потпроектот Модернизација на техничкото образование. Во соработка со носителот на

потпроектот ќе биде изготвена Анализа на постојната состојба во техничкото образование со Препораки за неговото реформирање. По расправата за Препораките и усвојувањето на истите од страна на Министерството за образование и наука, ќе биде изготвена **Концепција за модернизација на техничкото образование.** За Концепцијата ќе бидат организирани неколку јавни расправи со сите заинтересирани страни, а потоа истата ќе биде донесена од страна на Министерството за образование и наука. Врз основа на Анализата на потребите на пазарот на трудот, ќе се пристапи кон редефинирање на постојните**,** дефинирање на нови образовни профили**.** Понатаму, во текот на 2016 година ќе биде изготвена **Методологија за изработка на стандарди на квалификации како и Методологија за образовни/наставни и испитни програми.** Во зависност од потребите за реформа на техничкото образование ќе бидат изготвени и други методолошки документи.
Во рамките на ИПА – проект ќе бидат реализирани активности за заокружување на тригодишното образование и стручното оспособување.

Во текот на 2016 година, Центарот ќе учествува во реализација на активностите поврзани со имплементација на Македонската рамка на квалификации. Во таа насока ќе се работи на изработка на Упатство за дескрипција на квалификациите во Македонската рамка на квалификации.

Во соработка со МОН и стручните училишта, Центарот ќе организира и реализира активности за реализација на регионални и државни натпревари за Лидер на струка. Центарот ќе ја следи реализацијата на активностите според однапред изготвен акциски план кој ќе биде јавно достапен за сите. Центарот ќе изготви список на натпреварувачи, тест прашања, ќе формулира практични задачи/вежби, а советниците ќе учествуваат на денот на натпреварите, ќе прогласуваат Лидер на струка и ќе обезбедуваат дипломи за победниците.

*Унапредување на образовниот процес*

Центарот ќе работи на изготвување **Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето на наставниците по стручните предмети и практичната настава.** Во рамките на оваа активност, Центарот ќе развива **Програма за подобрување на квалитетот на наставата по стручните предмети во училиштето**, врз основа на извештајот од спроведената интегрална евалуација од страна на Државниот просветен инспекторат, а ќе обезбедува и поддршка на стручното образование преку советување, инструирање и менторирање на наставниците по стручните предмети и практичната настава во стручното образование и обука. Следењето и посетата во училиштата ќе се реализираат според Упатство за планирање, организирање и реализирање на советување, инструирање и менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети во средните стручни училишта- донесено од Центарот, користејќи ги при тоа инструментите за вреднување. Во текот на годината ќе се посетат по еднаш сите 72 стручни училишта, врз основа на што ќе се изработи Извештај од реализираната посета и истиот ќе биде во функција на

дефинирање на горенаведените мерки за подобрување на квалитетот на воспитно образовниот процес, наставата и оценувањето..

Наставниците по стручно теоретските предмети и практичната настава имаат потреба за стручно усовршување во рамките на својата струка. За таа цел, Центарот ќе изработи **Програма за стручно усовршување на наставниците по стручно-теоретските предмети, практичната настава и стручните соработници во стручните училишта.**

Согласно со Законот за средно образование, врз основа на резултатите од екстерното проверување на постигањата на успехот на учениците, се оценува објективноста и професионалноста на наставникот во вреднувањето на постигнувањата на успехот на ученикот. Оценувањето се врши со споредување на резултатите на екстерното проверување на постигањата на ученикот со годишната оценка на ученикот по соодветниот предмет за што Државниот испитен центар изготвува збирен извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците. Врз основа на збирниот извештај со резултати од спроведеното екстерно проверување на постигањата на успехот на учениците, 20% од наставниците по стручно теоретски предмети и практична настава кај кои има најголеми отстапувања Центарот ќе обезбеди соодветна стручна и советодавна помош. За таа цел, во текот на 2015 година, секој советник од соодветната струка ќе одржи еднодневна обука на наставниците за подобрување на квалитетот на оценувањето на учениците.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Изработена Анализа на потребите во техничкото образование (во соработка со реализаторите на проектот Модернизација на техничкото образование.)
- Изработена Концепција за техничко образование (во соработка со реализаторите на проектот Модернизација на техничкото образование.)
- Одржани јавни расправи за Концепцијата за техничкото образование
- Изготвена Анализа на потребите на пазарот на трудот;
- Изработена Методологија за изработка на стандарди на квалификации;
- Изработена Методологија за изработка на образовни/наставни и испитни програми
- Изготвено Упатство за изработка на описи на квалификациите во Националната рамка на квалификации;
- Организирани и реализирани регионални/државни натпревари за ЛИДЕР на струка;
- Одржани средби во секое стручно училиште - инструктивно-менторска и консултативно-советодавна работа со наставници;
- Изработена Програма за стручно усовршување на наставниците по стручно-теоретските предмети, практичната настава и стручните соработници во стручните училишта
- Одржани еднодневни обуки за стручна и советодавна помош на наставниците по стручните предмети и практична настава за подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето

## 6.2. Развој на стандарди и наставни планови и програми

**Цели**

Еден од клучните приоритети на Центарот во 2016 година, ќе биде довршување на реформата на стручното образование за занимања и отпочнување на реформата во техничкото образование, сè со цел усогласување со потребите на пазарот на трудот и модернизација на стручното образование кое обезбедува индивидуален развој на личноста преку стекнување на компетенции, знаења и вештини неопходни за вклучување на пазарот на трудот или продолжување на образованието.

За таа цел, во текот на 2016 година, во рамките на ИПА проектот ќе се реализираат активностите за довршување на реформата во стручното образование за занимања и стручното оспособување со траење до две години кои не беа опфатени со Твининг проектот. Во рамките на проектот ,,Вештини за работа", поддржан од Светска банка, со цел модернизирање на техничкото образование во Република Македонија, ќе се реализираат активности за анализа на постојната состојба на техничкото образование, образовните потреби и потребите на пазарот на трудот, редефинирање на постојните и дефинирање на нови образовни профили, како и изработка на стандарди на: струка, образовен профил, занимања и квалификации за техничкото образование.

Во согласност со Законот за средно образование и Законот за стручно образование и обука, Центарот ќе продолжи со изработка на прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците за оние наставни програми за кои нема прашања во електронската база на прашања.

Наставните планови за техничкото образование им даваат можност на средните стручни училишта да изведуваат слободни часови. Овие часови се во функција на проширување и/или продлабочување на знаењата на учениците во однос на содржини кои не се опфатени во наставните програми во техничкото образование со редовната настава, а кои треба да бидат програмирани за нивната реализација. За таа цел Центарот и во 2016 година ќе изготвува стручни мислења за програмите за слободните часови предложени од стручните училишта, врз основа на Насоките за програмирање, организирање и реализирање на слободните часови на училиштето.

**Опис на активностите**

- ***Реформи во стручното образование за занимања и стручното оспособување***

*Изработка на стандарди за*: струка, образовен профил, занимања и квалификации од тригодишно стручното образование за занимања и стручно оспособување, кои не се опфатени со Твининг проектот

Со Твининг проектот во 2011-2013 година се реформирани 12 образовни профили од стручно образование за занимања и еден образовен профил од две годишно стручно оспособување. Во 2016 година во рамките на ИПА проектот, се предвидува целосно да се реформира стручното образование за занимања и стручното оспособување. Најпрво, ќе се редефинираат постојните и дефинираат нови образовни профили според искажаните потреби на пазарот на трудот.

Се планира да бидат реформирани вкупно 20 образовни профили од сите струки. За таа цел се предвидува да се изработат вкупно 30 стандарди на занимања од сите образовни профили од стручното образование за занимања и 20 стандарди на квалификации.

- ***Реформи во техничкото образование***

*Изработка на стандарди за*: струка или група на струки, образовни профили и занимања од техничкото образование.

Врз основа на изработената Концепција за техничкото образование која се предвидува да се изработи во првата половина на 2016 година ќе се изготвуваат и стандарди за секоја струка или група на струки. Стандард за струка или група на струки, е документ во кој се опфатени: сродни струки, опфат на образовни профили, профили на ученици кои може да се запишат во таа струка, кои се можностите за вработување, кои се целите на образование на струката, листа на општи предмети, листа на стручни предмети заеднички за струката, рамковен наставен план, како и организација и реализација на образовниот процес во рамките на струката. Се предвидува да се изработат вкупно 14 стандарди на струка или група на струки. Друг значаен документ кој треба да се изготви е стандард на образовен профил. Овој документ ги опфаќа содржините: Идентификациони податоци за профилот, хоризонтална мобилност и вертикална проодност и напредување, појдовни основи на кои се гради образовниот профил, опис на образовниот профил, образовен процес, оценување, документи кои се издаваат во текот и по завршување на образовниот процес за стекнување на квалификацијата и наставен план.

Со реформата во техничкото образование се предвидува да се изработат 50 стандарди на образовни профили од сите струки и исто толку квалификации.

Тргнувајќи од значењето и улогата на стандардите на занимања неопходни за изработка на наставни планови, наставни програми и стандарди на квалификации, во процесот на реформирање на техничкото образование, се предвидува да се изработат околу 100 стандарди на занимања за сите дефинирани образовни профили во техничкото образование. Бидејќи учесниците во работните групи за изработка на стандарди на занимања и стандарди на квалификации немаат никаква обука во однос на изработка на овие документи, неопходно е нивно оспособување со еднодневна обука за запознавање и изработка на овие документи.

- ***Изработка на наставни и испитни програми за техничкото образование за нови образовни профили и реформираното тригодишно образование за занимања***

Од угостителско-туристичката струка, за новиот образовен профил – угостителски техничар, ќе се изработат две испитни програми за полагање на матурски и завршен испит. За истиот профил ќе се изработат пет наставни програми за IV година.

За образовните профили кои се реализираат од реформираното тригодишно образование ***за занимања*** опфатени со Твининг проектот, ќе се финализираат испитните програми и достават до МОН за нивно донесување.

- ***Изработка на прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците***

Центарот, во текот на 2016 година, ќе продолжи со изработка на прашања што ги нема во базата на изготвени прашања, а се однесуваат на тригодишното реформирано стручно образование за занимања и новите профили во техничкото образование и тоа:

- Конфекционер - реформирано - III год. - 800 прашања
- Техничар за логистика и осигурување - IV година – 900 прашања,
- Градинар-цвеќар - реформирано - I година - 700 прашања
- Месар- прва година – 600 прашања;
- Ракувач со машини за пренос на материјал – II година - 500 прашања
- Обработувач на метал - II год. - 400 прашања;
- Готвач II год- 600 прашања
- Слаткар II год- 300 прашања
- Угостителски техничар III год- 1400 прашања

- ***Активности во постсредното образование***

Во текот на 2016-та година, Центарот за стручно образование и обука согласно искажаните потреби и иницијативи од пазарот на трудот, ќе реализира активности поврзани со изработка на програмски документи за постсредното образование.

- ***Учество во работни групи, комисии и обуки***

Вработените во Центарот и во текот на 2016 година ќе учествуваат во спроведувањето на екстерните испити за државна матура. Советниците од содветната струка ќе учествуваат во реализирањето на стручни испити на наставниците-приправници, ќе земат учество во Комисија за верификација на програми за формалното образование, неформалното образование на возрасните во соработка со Центарот за образование на возрасни. Во соработка со ЦОВ и МОН, соодветните советници учествуваат во Комисии за верификација на институции за образование на возрасните. Ќе продолжат активностите во однос на обука на ментори од компании за реализација на практична обука кај работодавачите, како и обука на наставниците за реализација на програмите за слободни часови на училиштето „Подготовка за вработување“ и „Учење преку работа“ и „Кариерно советување“ во рамките на YES проектот. Ќе се реализираат и активностите предвидени со проектот „IME“ (Increasing Market Employability), финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), за делување во системите што се значајни за пазарот на трудот: туризам и угостителство, зелена економија и креативните индустрии.

И оваа година Центарот ќе земе учество во работата на комисијата за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на учениците.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Изработени 30 стандарди на занимања за образовни профили од тригодишното образование за занимања и стручно оспособување;
- Изработени 20 стандарди на образовни профили од тригодишното образование за занимања и стручно оспособување;
- Изработени 20 стандарди на квалификации за образовни профили од тригодишното образование за занимања и стручно оспособување;
- Изработени 14 стандарди на струка или група на струки;
- Изработени 100 стандарди на занимања од реформираното техничкото образование;
- Изработени 50 стандарди на образовни профили;
- Изработени 50 стандарди на квалификации од реформираното техничкото

образование;
- Изработени наставни програми за техничкото образование за новиот образовен профил угостителски техничар од угостителско-туристичка струка
- Изработени испитни програми за полагање на стручниот предмет за матурски и завршен испит за техничкото образование за новиот образовен профил угостителски техничар од угостителско-туристичка струка
- Финализирани испитни програми за образовните профили кои се реализират во реформираното тригодишно образование и доставени до МОН за нивно донесување
- Изработени предлог прашања за проверување на постигањата на учениците
- Дадени стручни мислења за програмите за слободни часови на училиштата според искажаните потреби на стручните училишта
- Земено учество во спроведување на екстерните испити за државна матура;
- изработка на програмски документи за постсредно образоавние според искажаните потеби на пазарот на трудот
- Земено учество во спроведување на стручните испити за наставници-приправници;

## 6.3. Меѓународна соработка и социјално партнерство

**Цели**

Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) во 2016 година, на полето на меѓународна соработка ќе продолжи со интензивни активности за претставување и презентирање на активностите на истиот пред меѓународни институции, организации, амбасади и странски претставништва од областа на стручно образование и обука. Предвидени се учества на меѓународни симпозиуми, конференции, семинари и посети на слични центри и институции од други држави со цел размена на искуства, знаења, ставови и идеи кои ќе допринесат за подобрување и модернизација на стручното образование и обука во Република Македонија. Во таа насока, планирани се потпишување меморандуми за соработка и стратешко партнерство со ВЕТ центри од држави-членки на Европската унија, како и со држави надвор од границите на ЕУ.

Исто така, ЦСОО ќе настојува да ја зајакнува соработката помеѓу стручните училишта и работодавачите во различни сфери на поврзување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, како и јакнењето на капацитетите на стручните училишта и компаниите за вклучување на ученици со посебни образовни потреби.

ЦСОО во наредната година ќе продолжи со партиципирање во веќе започнатите проекти и во проекти кои би започнале во тековната 2016 г, во насока на развивање на стручното образование и обука.

**Опис на активности**

Во насока на интернационалните активности, Центарот ќе настојува да ја зголеми својата мобилност за свое меѓународно претставување и партиципирање на симпозиуми, конференции, семинари согласно искажани потреби и обезбедени предуслови за реализација.

Во рамките на зајакнувањето на врската меѓу стручните училишта и пазарот на трудот, Центарот интензивно ќе работи на воспоставување интегрален Регистар за компании што ги исполнуваат условите за спроведување практична обука за учениците кај работодавачите.

Исто така, се планира ЦСОО започнувајќи од 2016 г. па сè до 2018 г. да одржи најмалку по една заедничка средба со секое стручно училиште и соодветните работодавачи на ниво на општина, во насока на интензивирање и оперативно зајакнување на соработката помеѓу истите.

Во текот на 2016 година во соработка со ETF ќе продолжат активностите дефинирани со Торино процесот.

Ќе биде интензивирана соработката со релевантните институции, пред сè, со оние со кои се потпишани протоколи и меморандуми за соработка и ќе се продолжи со партиципирање во веќе започнатите проекти и во проекти кои би започнале во тековната 2016 г, во насока на развивање на стручното образование и обука (ИМЕ, JEC, МЦГО, ИПА, Светска банка и др.).

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- 
- Воспоставена соработка со меѓународни институции и организации, амбасади и странски претставништва.
- Изготвен и пополнет Извештајот за „The Torino process 2015” во соработка со ETF.
- Потпишани протоколи и меморандуми за соработка.
- Воспоставен интегрален Регистар за компании што ги исполнуваат услови те за спроведување практична обука за учениците кај работодавачите.
- Промовирано стручното образование и обука.
- Одржани најмалку по една средба со 25 стручни училишта и работодавачи на ниво на општина на која припаѓа училиштето.

- Одржани четири регионални средби со училишта и компании од општините.
- Учествување на симпозиуми, конференции, семинари и сл.

## 6.4. Деловна подршка

**Краток опис**

Согласно Законот за административните службеници и Законот за вработените во јавниот сектор ќе биде доставено Барање до Министерството за финансии за добивање согласност за вработување нови лица согласно со потребите на Центарот и ќе биде спроведена постапка за нивно вработување.

Ќе биде спроведена постапка за сертификација на системот за управување со квалитет ИСО 9001-2008 во Центарот.

Континуирано ќе се одржува веб-страницата на Центарот, со нејзина надградба и ажурирање на податоците на македонски, на албански и на англиски јазик. Исто така, ќе се врши и промоција на работата на Центарот преку електронски и печатени медиуми, но и преку организирање трибини, конферен ции и сл.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Зајакнати кадровски капацитети на Центарот;
- Сертифициран систем за управување со квалитет ИСО 9001-2008;
- Следење на законските прописи кои се однесуваат на работењето на Центарот;
- Учество во изработката на закони и подзаконски акти од областа на стручното образование и во изготвување предлог-измени и дополнување на одделни закони и правилници;
- Изготвени правилници и поединечни општи акти: одлуки, решенија, извештаи и слично;
- Лекторирани текстови, графичко уредување, техничка обработка и редактирање на текстови;
- Превод на документи од македонски јазик на јазикот на припадниците на заедниците и на англиски јазик и обратно;
- Лекторирани, преведени и внесени прашања за екстерно проверување на постигањата на учениците;

- Редовно ажурирана и надградувана веб-страницата на Центарот, на македонски, на албански и на англиски јазик;
- Распишани јавни конкурси за избор на надворешни соработници, согласно со искажаните потреби;
- Промовирана работата на Центарот преку печатени и електронски медиуми.

По барање на други институции, ќе се учествува во изработката на предлози за измени и дополнување одделни закони и подзаконски акти од областа на стручното образование.

Ќе бидат изготвени поединечни општи акти со кои се уредува работата на Центарот и тоа: одлуки, решенија, извештаи, договори и слично.

Предлог-прашањата за екстерно проверување на постигањата на учениците ќе бидат лекторирани, преведени и внесени во соодветен програм.

Ќе се врши лекторирање на текстови, графичко уредување и техничка обработка на текстови, редактирање на програмски документи, превод на документи од македонски јазик на јазикот на припадниците на заедниците и на англиски јазик и обратно. Во случај горенаведените активности да бидат во поголем обем, овие активности ќе бидат извршувани со ангажирање надворешни соработници.

## 6.5. Одделение за управување со човечки ресурси

### Цели

Одделението за управување со човечки ресурси во текот на 2016 година, ќе остварува активности преку кои ќе се води сметка за почитување на работното време и остварување на правото на Годишен одмор. Покрај тоа ќе се извршуваат и активности за зголемување на ефективноста, намалување на несигурноста, зголемување на стручното знаење, стекнување на нови компетенции, зголемена мотивираност, личен развој на вработените и одржување на позитивна клима помеѓу вработените во Центарот.

Во рамките на воведувањето на Информациониот систем за управување со Човечки ресурси (ИСУЧР) во изминатата година се одржа обука за крајни корисници, ИСУЧР има за цел стандардизација на називите на работните места на ниво на Р. Македонија, во 2016 година ќе продолжат активностите преку кои ќе се внесат сите работни места според постојната Систематизација на работни места на Центарот.

**Опис на активности**

Предвидените цели ќе се постигнат преку следниве активности:

- Усогласување на целите на вработените во Центарот за стручно образование и обука, заради поттикнување на работната одговорност;
- Учество на обуки, семинари, конференции, симпозиуми, тркалезни маси, работилници и други облици на усовршување за кои ќе се воочи потреба;
- Внесување на информации во ИСУЧР;
- Водење сметка за почитување на работното време како и за остварување на правото на Годишен одмор.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите**:

- зголемени компетенции на вработените;
- развиени нови стручни знаења, вештини и умеења, неопходни за ефикасно и ефективно извршување на работните задачи;
- внесени работни места во ИСУЧР.

## 6.6 Финансиски прашања

**Цели**

Центарот за стручно образование и обука, ќе врши Планска распределба на финансиските средства по одделни активности, предвидени со Годишната програма, финансискиот план и планот за јавни набавки за 2016-та година. Исто така, ќе се утврдува конкретната потреба за јавни набавки на стоки, услуги и работи како спроведување на јавните набавки. Одделението за финансиски прашања ќе врши усогласување на фактичката состојба која е утврдена со пописот со материјалната сметководствена евиденција. Во континуитет ќе бидат следени сите доспеани обврски на Центарот, нивна навремена исплата согласно одобрениот буџет и ќе се врши пренамена на средства согласно потребите на Центарот. Активностите на одделението ќе се извршат ажурно, уредно и следејќи го законското финансиско и материјално работење на институцијата.

**Опис на активности**

Согласно со одобрениот буџет на Центарот, за ефикасно и ефективно работење на ЦСОО за тековната година ќе се изготви годишен план за јавни набавки по видови стоки, услуги и работи и ќе се спроведат постапки согласно закон за негова реализација.

На почетокот на 2016-та година ќе се изготви завршна сметка на Центарот за претходната година, и истата ќе биде проследена до Управата за јавни приходи и Државниот завод за ревизија.

Секој месец до Управниот одбор на ЦСОО ќе бидат проследени изготвените месечни финансиски извештаи. Исто така, на месечно ниво се врши пресметка на плати на вработените во ЦСОО.

Исто така ќе се изготват полугодишни и годишни статистички извештаи за исплатените плати на вработените и истите ќе бидат проследени до Државен завод за статистика.

На крајот на календарската година ќе биде спроведен попис и ќе се утврдува состојбата која ќе биде усогласена со материјалното сметководство на Центарот. Ќе биде извршено и срамнување на магацинската со книговодствената евиденција.

Во текот на целата година ќе се следи реализацијата на финансиските средства одобрени со буџетот и по потреба ќе се врши нивна пренамена.

Ќе се обезбеди финансиско и материјално работење на Центарот, согласно со позитивните законски прописи.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Изготвен план за јавни набавки за 2016-та година и спроведени постапки за јавни набавки, согласно со позитивните законски прописи;
- Изготвена завршна сметка на Центарот;
- Усогласена состојба утврдена со попис со материјалното сметководство на Центарот;
- Изготвени месечни финансиски извештаи како и месечни, полугодишни и годишни статистички извештаи за исплатените плати на вработените;
- Редовна исплата на обврските на Центарот;
- Ажурно, законито и уредно водено финансиско и материјално работење на Центарот.

Спроведувањето на активностите од Годишната програма за работа на Центарот во 2016 година, значително ќе зависи од финансиските средства со кои ќе располага Центарот во 2016 година. Во случај да не се обезбедат доволно финансиски средства, може да се забави реализација или воопшто да не се реализираат дел од планираните активности.

**Директор,**
**Ајше Селмани**

**Прилог 1**

## Одобрен буџет на Центарот за 2016 година

| *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|
| **40** | **Плати и надоместоци** | **13.897.000** |
| 401<br>402 | - Основни плати на вработените<br>- Придонеси за социјално осигурување | 10.109.000<br>3.788.000 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **14.620.000** |
| 420 | **Патни и дневни расходи** | ***200.000,00*** |
| 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** | ***1.800.000,00*** |
| 423 | **Материјали и ситен инвентар** | ***1.000.000,00*** |
| 424 | **Поправки и тековно одржување** | ***760.000,00*** |
| 425 | **Договорни услуги** | ***10.160.000,00*** |
| 426 | **Други тековни расходи** | ***700.000,00*** |

## Финансиски план за реализација на активностите во Годишната програма за работа за 2016 година *согласно одобрениот буџет* на Центарот за 2016 година

| *Ставка* | *Наслов на активноста* | *Вредност (годишно ниво)* |
|---|---|---|
| **40** | **Плати и надоместоци** | **13.897.000,00** |
| 401<br>402 | - Основни плати на вработените<br>- Придонеси за социјално осигурување | 10.109.000,00<br>3.788.000,00 |
| **42** | **Стоки и услуги** | **14.620.000,00** |
| 420 | **Патни и дневни расходи**<br>– патување на вработените за вршење на обуки на наставниците во земјата<br>- учество на семинари, конференции и сл. во странство | ***200.000,00***<br>50.000,00<br>150.000,00 |
| 421 | **Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**<br>- Струја<br>- Водовод и канализација<br>- Комунален отпад<br>- Радиодифузна такса<br>- Пошта<br>- Телефон и телефакс | ***1.800.000,00***<br>275.000,00<br>90.000,00<br>30.000,00<br>3.000,00<br>35.000,00<br>90.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Мобилни телефони<br>- Централно грење<br>- Регистрација на возила<br>- Гориво за службени возила<br>- Паркинг за службени возила<br>- Годишна такса за домен | 150.000,00<br>674.500,00<br>50.000,00<br>370.000,00<br>30.000,00<br>2.500,00 |
| 423 | **Материјали и ситен инвентар**<br>- Канцелариски материјали (класери, вирмани, папки, пликоа, обрасци и друг потрошен материјал)<br>- Тонери, кертрици, рибони, хартија за печатење<br>- Ситен инвентар<br>- Списанија, весници и др. материјал<br>- Прехранбени артикли и пијалаци<br>- Средства за одржување на хигиената<br>- Материјали за разни поправки | ***1.000.000,00***<br>100.000,00<br>440.000,00<br>320.000,00<br>35.000,00<br>35.000,00<br>35.000,00<br>35.000,00 |
| 424 | **Поправки и тековно одржување**<br>- Поправки и тековно одржување на објект<br>- Поправка и тековно одржување на службени возила<br>- Одржување на компјутерска и техничка опрема<br>- Одржување на софтвер (програми за плата, сметководство и сл.) | ***760.000,00***<br>435.000,00<br>220.000,00<br>52.500,00<br>52.500,00 |
| 425 | **Договорни услуги**<br>- Осигурување на вработените<br>- Осигурување на градежен објект<br>- Осигурување на службени возила<br>- Систематски преглед на вработените<br>- Сертифицирање на системот за управување со квалитет ИСО 9001<br>- Авторска агенција<br>- Изработка, превод и лектура на предлог прашања за екстерна проверка на постигањата на учениците<br>- Изработка на испитни програми за државна матура и завршен испит<br>- Изработка на наставни програми<br>- Изработка на стандарди на занимања<br>- Изработка на стандарди на образовни профили<br>- Изработка на стандарди на квалификации<br>- Изработка на стандарди на струка или група на струки за реформираното техничко образование<br>- Исплата на членови на Управен одбор<br>- Исплата на членови на Совет за стручно образование и обука<br>- Изработка на системски документи (Концепции и Методологии)<br>- Реализација на работилници за развој на стручното образование и обука<br>- Стручно усовршување на вработените | ***10.160.000,00***<br>35.000,00<br>35.000,00<br>35.000,00<br>35.000,00<br>300.000,00<br>400.000,00<br>1.500.000,00<br>125.000,00<br>100.000,00<br>1.450.000,00<br>965.000,00<br>1.000.000,00<br>330.000,00<br>900.000,00<br>800.000,00<br>400.000,00<br>1.250.000,00<br>500.000,00 |
| 426 | **Други тековни расходи**<br>- Објавување на огласи<br>- Расходи за репрезентација<br>- Семинари и конференции<br>- Други расходи (централен регистар и сл.) | ***700.000,00***<br>200.000,00<br>65.000,00<br>425.000,00<br>10.000,00 |
| | **Вкупно** | ***28.517.000,00*** |